Бр./Nr 12-2454/7

21-03-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 63-тата седница одржана на 15.03.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по пријавата со број 12-3922/1 од 16.08.2019 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за натамошно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-3922 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-3922/1 од 16.08.2019 година е оформен врз основа на поднесена пријава од Агенција за приватно обезбедување ///. Во пријавата се изнесени наводи со кои се оспорува спроведената постапка за доделување концесии за рекреативен и стопански риболов на /// од страна на ///, од процесен, материјален и суштински аспект. Од ДКСК бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Пријавата е сукцесивно надополнета на 29.08.2019 година и на 22.07.2020 година. Доставени се докази како поткрепа на наводите.

По разгледување на наводите во пријавата и доставените докази, ДКСК побара надлежно постапување, податоци и информации од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, од Основно јавно обвинителство на Република Северна Македонија во Скопје, а по службена должност го прибави и записникот од 4-тата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на /// година во ///. Со увидот во сите расположливи докази, по оцена на секој одделен доказ како и на сите докази во целина и извршената единечна и вкрстена анализа на сите познати факти во предметот, ДКСК утврди дека на 21.01.2020 година, по претходно спроведената постапка од надлежните државни органи, Владата на Република Северна Македонија донела одлука за еднострано раскинување на ///, како и на ///.

Од горе наведеното, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, заради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**